28.09.2023

ОПШТИНА ШТИП

МКС СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-6036/1*
*27.09.2023 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50 став 1 точка 13, 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 36 став 1 алинеја 9 и 10 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21), Градоначалникот на општина Штип го донесува следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕ ЗА ИНТЕГРИТЕТ**

1. Се именува Марија Герасимова, распоредена на работно место Соработник за подготвување на материјали за советот и работни комисии на советот како лице за интегритет во Општина Штип.

2. Се задолжува именуваното лице за интегритет да го следи спроведувањето на политиката и системот на интегритет во Општина Штип и тоа:

- да го координира спроведувањето на системот за интегритет во институцијата;
- да работи на процеси за внатрешна усогласеност со стандардите за интегритет;
- да дава препораки за надминување на детектираните ризици од корупција;
- да ги советува службените лица за примена на стандардите на системот за интегритет;
- да ги советува службените лица за постапување во ситуации кога имаат етички дилеми;
- да дава совети и препораки за раководното лице во институцијата;
- да е вклучено и да биде консултирано во процесот на градење на капацитетите на службените лица за соодветна примена на системот на интегритет преку постојана едукација, комуникација и консултации;
- редовно да биде информиран за спроведените анализи и податоците за повреди на етичките кодекси и преземените мерки за нивно надминување;
- да ги прибира анализите и податоците релевантни за политиките и процедурите со цел да дава насоки за унапредување на системот на интегритет;
- да предлага обуки за вработените поврзани со системот за интегритет;
- да ги запознава сите засегнати страни во институцијата со неопходните релевантни инфомации за системот за интегритет, овозможувајќи им пријавување на случаи на непочитување на елементите на кои почива интегритетот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе важи се до неговото отповикување.

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Доставено до:*

- *Архива*
- *Именуваната*
- *Одделение за поддршка на Совет*

*Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*